26.02.1802 г. Во Безансон е роден Виктор Иго, еден од великаните на францускиот романтизам, кој, покрај Балзак, е најголема фигура во француската книжевност во 19 век. Неговите романи “Биг Жаргал”, “Богородична црква во Париз”, “Клетници”, “Морските работници”, драмите “Крпмвел”, “Лукреција Борџија”, поетските дела “Оди и балади”, “Ориентални песни” и многу други дела претставуваат ремек-дела на светската литература. Како политичар беше голем борец против деспотизмот и тиранијата. Умре во Париз на 22.5.1885 година.